Јавно комунално претпријатие
ПАЗАРИ
Бр. 01-223/2
17-12 2022 год
ПРИЛЕП

**ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ**

**„ПАЗАРИ“ – ПРИЛЕП**

**УЛ.МЕТОДИЈА ШАТОРОВ ШАРЛО БР.57**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# ЗА 2023 ГОДИНА

Прилеп, Декември 2022

1. ДЕЈНОСТ И СТРУКТУРА НА ЈКП ПАЗАРИ ПРИЛЕП

1.1. Основач на Јавното Комунално претпријатие Пазари Прилеп е Советот на Општина Прилеп со Одлука бр.07-671/5 од 24.05.2004 година за вршење на работи од општ интерес.

1.2. Дејност на јавното претпријатие

Претпријатието во рамките на својот делокруг ги врши следните дејности:

- Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).
- Одржување, управување и користење на пазари на големо и мало под што се подразбира одржување на комуналните објекти, односно просторот и објектите изградени за давање на услуги во трговијата.

Претпријатието без упис во судскиот регистар во помал обем ќе врши и други дејности што се запишани во судскиот регистар кои вообичаено се вршат или придонесуваат за целосно искористување на капацитетите и материјалите што се употребуваат за вршење на запишаните дејности

1.3. Организациона поставеност

Согласно Статутот на јавното претпријатие како и систематизацијата, јавното претпријатие дејностите од својот делокруг ги врши во одделенија.

Согласно горенаведените акти предвидени се следните одделенија:

- Одделение за административни работи
- Одделение пазари

Вкупниот број на вработени се 25 распоредени на работни задачи утврдени со Актот за систематизација.

Бројот на вработени работници според степенот на нивната стручност е следен:

ВСС-7

СС-12

ОО-6

2. АКТИВНОСТИ И ЗАДАЧИ ВО 2023 ГОДИНА

Во текот на 2022 година ЈКП Пазари Прилеп делумно ги реализира претходно планираните активности и проекти предвидени во Програмата за работа и работите кои се опфатени со дејноста која ја врши јавното претпријатие согласно статутот и дејностите за кои е регистрирано со што се обезбеди непреченост, континуитет, достапност и универзалност на услугите. Во текот на 2023 година ЈКП Пазари Прилеп во рамките на своите финансиски можности активностите ќе ги насочи кон подигање на нивото на квалитет на услугите во пазарот преку подобрување на условите во пазарот, негово осовременување и модернизација доколку ни го дозволи моменталната состојба со светската економска криза и динамичните и непредвидливи пазарни услови.

## 2.1 Пазар на мало

На територијата на Општина Прилеп функционира Пазар за продажба на земјоделски производи, текстил, занаетчиски производи лоциран во строгиот центар на градот на улица Методија Шаторов Шарло бр. 57.

Според законските и подзаконските акти кои го регулираат организирањето на пазарите, продажните места се селектирани и лоцирани на посебни делови од пазарот во зависност од природата на самите производи кои се предаваат на тезгите. Посебно за продажба се издвоени тезгите на кои се продаваат земјоделските производи, бижутерија и галантерија кои се посебно означени и организирани за поголема пристапност и прегледност на купувачите, се со цел обезбедување на поквалитетен јавен сервис. Обезбедена е и максимална искористеност на просторот со што е обезбедено економично и ефикасно работење и искористување на максималните просторни ресурси со кои располага јавното претпријатие.

Во табелата е прикажан бројот на продажни места според видот на производи кои се продаваат и тоа:

| Вид | Количина |
|---|---|
| **Тезги за продажна на земјоделски производи** | **234** |
| **Тезги за продажба на бижутерија и текстил** | **91** |
| **Тезги за продажба на ситна стока** | **40** |
| **Плацови пред дуќани** | **20** |

### 2.1.2 Планирани активности за 2023 година на пазарот на мало

Во текот на 2023 година во пазарот на мало ќе се извршува:

- Перманентно издавање на продажни места под закуп на заинтересирани правни и физички лица кои ги задоволуваат условите предвидени со законските и подзаконските акти кои ќе бидат корисници на услуги на пазарот со склучување на писмени договори за услугите со кои ќе бидат регулирани меѓусебните права и обврски согласно актите на Јавното претпријатие.
- Издавање под закуп на деловни простории со кои стопанисува јавното претпријатие.
- Реализација на побарувањата на јавното претпријатие спрема корисниците на услугите на пазарот.
- Одржување на редот и хигиената, обележување и одржување на тезгите и преземање на други мерки за овозможување на непречено користење на услугите на пазарот.

Во текот на 2023 година се планираат следните активности:

1. Тековно одржување на градскиот Пазар
2. Изработка на техничка документација за водоводна и канализациона мрежа
3. Реконструкција на водоводна и канализациона мрежа
4. Модернизација и замена на дотраени тезги
5. Санација на оштетувањата на кровната конструкција на зелениот дел од пазарот.
6. Санација на оштетувањата на системот за одвод на атмосферска вода (олуци) на зелениот дел од пазарот

7. Отстранување на остатоците од мрсната боја на бетонските тезги во зелениот дел од пазарот и нивно пребојадисување
8. Санирање на оштетувањата и чистење на плафоните од ПВЦ ламперија над тезгите
9. Промена на корозираните ребровани лимови од пазарот за сирење
10. Реновирање на просторијата на наплатувачите и помошниот технички персонал
11. Промена на оштетениот лимен кров и кровната конструкција на дел од дуќаните во пазарот
12. Санација на деловен објект на КП број 14719/7
13. Санација и техничко опремување на јавниот тоалет во пазарот
14. Проширување на влезот на пазарот од страната на новата катна гаража, со промена на оградата од фиксна во подвижна

Во текот на 2023 година јавното претпријатие активно ќе учествува во работата на Здружението на Пазари во рамките на Стопанската комора и во Асоцијацијата на даватели на комунални услуги-АДКОМ и ќе ги следи сите активности на истото и ќе се земе активно учество за регулирање на проблемите и нерегулирани прашања кои го отежнуваат работењето на пазарите.

Прилеп, декември 2022 година

Директор,

Игорче Крстески

Јавно комунално претпријатие ПАЗАРИ Прилеп